# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија ја информира јавноста дека активно ќе земе учество во организирање и спроведување на јавниот социјален протест, што ќе се одржи во Кичево на 23 февруари 2019 година, во организација на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија – КСС.

Членовите на СОНК, особено се заинтересирани за изразување на своето незадоволство од следните причини:

– Поради енормно ниските плати на вработените во детските градинки, основното, средното, високото образование, науката и културата во Македонија.

– Затоа што со зголемување на минималната плата на национално ниво не се зголемуваат платите на сите работни места согласно коефициентите утврдени со колективните договори.

– Затоа што не е исполнето ветувањето на високи функционери во Министерството за труд и социјална политика за зголемување на платите во градинките, започувајќи од 01.01. 2019 год.

– Затоа што СОНК, како релевантен социјален партнер на МОН, не е вклучен во делот на изготвување на закони за основно и средно образование, како и поради планирање на реформи во средното стручно образование, со што се очекува таквите планирани реформи да предизвикаат голем број на работници да се стекнат со статус на технолошки вишок.

– Затоа што надвор од елементарната логика е скратено правото на додаток за трошоци за превоз до и од работното место, каде што голем број на вработени од нашите дејности издвојуваат и до 1/4 од својата скромна плата.

– Затоа што не постои колективен договор за високо образование и наука, повеќе од две децении, со што би се воспоставил ред во дејноста високо образование и наука.

– Затоа што се прави обид предлог колективниот договор за култура, кој што беше на јавна расправа и беше прифатен од

СОНК и Министерството за култура, да се негира и да се подметне друг колективен договор, за кој што немаме релевантна информација кој е изготвувачот. Со тоа продолжува хаосот во дејноста култура и покрај најавите од министерството дека до крајот на март 2019 година ќе има нивелација на платите на вработените во културните установи, иако знаеме дека во овој период тоа не е возможно заради престојните претседателски избори.

– Затоа што за СОНК неприфатлива е идејата за трансфер на работниците од образование, наука и култура во приватен сектор.

– Затоа што СОНК како репрезентативен синдикат во образованието, науката и културата, нема да дозволи никакви реформи во овие дејности, коишто нема да бидат во полза на своите членови.

СОНК дава силна поддршка на раководството на КСС во барањето за отпочнување преговори за изменување и дополнување на Општиот Колективен договор за јавен сектор, со што ќе се дефинираат некои прашања и ќе се подигнат некои права на работниците вработени во јавниот сектор, вклучително и во образованието, науката и културата, а особено за враќање на стекнатото право за регрес за годишен одмор, јубилејни награди, воведување на 13 плата и други додатоци на плата.

Поради овие и многу други причини, СОНК ќе земе масовно учество на јавниот протест, за што го повикува сопственото членство, членовите на семејствата на нашите членови, останатите синдикати во државата, невладините организации и сите граѓани, кои ја препознаваат искрената заложба на нашата организација за подигнување на социјалниот и економскиот статус, како и за враќање на достоинството на вработените во дејностите образование, наука и култура.

# Новиот состав на Регионалниот одбор на СОНК – Охрид со стари проблеми

На ден 31.01.2022 година, Регионалниот одбор на СОНК – Охрид ја одржа својота прва работна средба, на која претседателите на синдикалните организации му посакаа добредојде на новиот претседател.
Во текот на работната средба беа отворени повеќе прашања во надлежност на Регионалниот одбор, а претседателите на синдикалните организации беа известени дека продолжува соработката со локалната самоуправа на сите полиња, како и субвенционирањето по однос на превозот кон вработените-членови на СОНК.
Посебен акцент беше ставен на Заклучоците од Советот на СОНК, во делот на зголемувањето на платите, потпишувањето на Колективните договори кои се во завршна фаза и трансформација на работните места.
Работната средба беше завршена со заеднички заклучок да се продолжат преговорите со социјалните партнери, кои се однесуваат на усогласување на платите во детските градинки и образовните институции со минималната плата на национално ниво, како и за отворените проблеми во однос на платите со административните сужбеници и помошно-техничкиот персонал во културните институции.

---

# СОВЕТОТ НА СОНК СО ЗАКЛУЧОЦИ

# ИМ ПОСАКА ДОБРЕДОЈДЕ НА НОВОИЗБРАНИТЕ МИНИСТРИ

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК на 18.01.2022 година ја одржа својата 1-ва седница. На дневниот ред, покрај конституирање на новото раководство, се дискутираше и за повеќе актуелни состојби во дејностите што ги застапува СОНК.

На седницата беа отворени многу теми поврзани со продолжување на социјалниот дијалог со социјалните партнери, како и изнаоѓање на заеднички решенија по однос на отворените прашања во сите дејности: детска заштита, основно, средно и високо образование, наука и култура. Главен акцент беше ставен на големото незадоволство заради стагнација на платите во однос на големиот раст на цените за животните трошоци и опаѓање на животниот стандард.

По опширната дискусија, Советот на СОНК со заеднички став одлучи да се донесат Заклучоци, кои ќе бидат испратени до сите министри односно до МОН, МТСП и Министерството за култура.

Советот на СОНК едногласно ги донесе следните Заклучоци.

---

# ПРОДОЛЖУВААТ РАБОТНИТЕ СРЕДБИ СО ЧЛЕНСТВОТО НА СОНК

## ОДДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ВО РЕГИОНАЛНИОТ

# ОДБОР НА СОНК – КАВАДАРЦИ

По завршувањето на годишните одмори и отпочнувањето на новата учебна година, раководство на СОНК, продолжи со активностите и оддржувањето на работните средби со членството на СОНК од регионалните одбори на СОНК.

На 6-09-2017 година е оддржана работна средба со членството на СОНК од регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци, на која присуствуваа и градоначалникот на Општина Росоман , г-динот Стојче Лазаров и секретарот на Општина Кавадарци, г-динот Кире Делов , како и директори на неколку организации од овој Регион. Присуството на преставниците на локалните самоуправи и директорите на вакви работни средби е веќе воспоставена пракса во СОНК , на кои се отвораат прашања и проблеми на социјалните партнери и на ниво на локална самоуправа и на ниво на работодавец.



На работната средба беа отворени повеќе прашања и од повеќе аспекти во сите дејности што синдикално ги обединува СОНК, но и беа дадени и мислења за подобрување на условите за работа во сите сфери на образованието и културата. Во дискусијата главен акцент беше ставено прашањето за оддржувањето и негувањето на

социјалниот дијалог и партнерство на сите нивоа, неподготвеноста од сите аспекти ( просторно, не обезбеден број на вработени, зголемен обем на работа на постоечкиот број на вработени и др) на воведувањето на двосменското работење во детските градинки, причините за сеуште непотпишаниот Колективен договор во културата, ризикот од евентуален технолошки вишок во образованието и зголемувањето на платите во сите дејности.

Во расправата на споменатите прашања освен членовите на СОНК активно учестваа и претставниците на локалните самоуправи и директорите, давајќи допринос за изнаоѓање на заеднички прифатливи решенија на одредени проблеми кои се во заедничка надлежност. Исто така, како заедничка констатација беше дека прифаќањето  на социјалниот дијалог и партнерство на сите нивоа е најсилен инструмент за надминување на состојби на недоразбирање или незадоволство.

Присатните на средбата изразија огромно задоволство и го поздравија ваквиот начин на комуникација со раководството на СОНК , локалната самоуправа и работодавчите, но и апел за продолжување на вакви или слични средби, што од сите присатни со задоволство беше прифатено.

---

# ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС

**ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС**

Почитувани членови на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК), членови на

останатите синдикати, работници, македонска јавност…

Преку овој првомајски проглас сакаме да се обратиме до членовите на СОНК и не само до нив, туку и до сите работници во државата, како и до целата јавност со наше видување на состојбите на работниците од аспект на социјално-економската положба, социјалниот дијалог и партнерство, сигурноста на работното место, безбедноста при работа и т.н.

Одбележувањето на Први мај, меѓународниот празник на трудот, датира уште од пред повеќе од 130 години, односно во спомен и чест на штрајкувачите од Чикаго, кои во 1886 година штрајкувале од први до четврти мај со единствено барање, а тоа е осумчасовно работно време. Штрајкот бил крваво задушен, при што полицијата употребила сила и како резултат на тоа имало и неколку жртви. Водачите на штрајкот биле уапсени, осудени и погубени.

На првиот конгрес на Втората интернационала одржан во 1889 година било одлучено:  "Први мај да биде заеднички празник во сите земји, на кој работниците треба да манифестираат единство и солидарност во своите барања за подобрување на својата положба". Оттогаш, празникот е манифестација на класната солидарност на работниците во светот.

Први мај се слави секаде во светот, некаде со масовни протести, а некаде со првомајски викенд на некое излетничко место, со првомајска скара и музика. Во Македонија нема голема традиција за организирање на големи првомајски протести, освен симболични првомајски маршови или прошетки на некои синдикални организации, со што ќе се одбележи овој ден на работниците. Секако, ние како најголем Синдикат во државата имаме свој став околу ова прашање, дали масовно да се излезе на овој ден и да се протестира, во симболичен број да се маршира или ако е празник да се празнува на начин како што налага нашата традиција.

Нашиот став е дека празникот треба да се празнува, а за

работа, секоја организација која се занимава со одбрана и зголемување на правата на работниците има на располагање цела година. И овој наш став да не изгледа гола демагогија, ќе го поткрепиме со неколку аргументи. СОНК во изминативе децении и години конкретно докажуваше и докажува со организирање на протести и штрајкови дека е единствениот Синдикат кој е во состојба тоа да го направи, без лажни закани и ветувања, без правење на сопствен маркетинг, без разлика која политичка опција е на владеење…. Ако постои сомнеж во вистинитоста на овие факти, може многу лесно да се проверат, а и да се присетите која друга работничка организација во последнава деценија – две организирала сериозен протест или штрајк????

Со овој првомајски проглас нашата идеја не беше да се саморекламираме, туку, уште еднаш на ваков начин да го изразиме нашето незадоволство околу положбата на нашите членови во дејностите детска заштита, основно, средно, високо образование, наука и култура. И покрај сите заложби на нашиот Синдикат, во сите споменати дејности заеднички е фактот што тие како едни од најважните дејности во државата, ако не и најважни, се на дното на скалилото на плати во јавниот сектор во државата, а пак и да не зборуваме за надвор од неа, во соседството и пошироко. Во последниве неколку години државата се обиде да направи обид за подобрување на социјалниот статус на оваа категорија на работници, но тоа беше сосема симболично и незадоволително од една страна, како и селективно, од друга страна. Зголемувањето на платите од 5% за детските градинки, основното и средно образование ни одблизу не ги задоволуваат основните потреби за егзистенција, наспроти зголемување на минималната плата на национално ниво од 20%. Ситуацијата во установите од културата и високото образование и науката е уште полоша, од позиција на ниски плати, дури ни без тие 5% зголемување во 2018 година. Ветувањата за зголемување на платите и во 2019 година за дополнителни 5% за СОНК се добродојдени, но процентот е апсолутно неприфатлив, односно низок. СОНК во повеќе наврати укажуваше и бараше усогласување на платите со процентот на зголемување на минималната плата на

национално ниво.

Што се однесува до социјалниот дијалог и партнерство, наша проценка е дека во последните неколку години е во континуирано опаѓање. СОНК воопшто не е задоволен од односот на некои министерства кои за многу важни измени на законски решенија не го вклучуваат социјалниот партнер во изготвување на заеднички прифатливи решенија што се во интерес и на работниците и на државата, што впрочем е законска обврска. Исто така, цениме и дека селективниот однос кон одредени синдикати е апсолутно неприфатлив и спротивен на Законот.

За СОНК како грански синдикат и како дел од Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС) е исто така неприфатлив игнорантскиот однос на ресорните министерства и на Владата и покрај јавните упатени Барања за остварување на сериозни средби и разговори со што би се затвориле отворените прашања и проблеми. Особено навредува ваквиот однос и покрај низата јавни социјални протести во изминатава година што ги организираше СОНК во рамките на КСС. За ваквиот однос на државата кон релевантни социјални партнери во однос на социјалниот дијалог и партнерство во Македонија даде и Меѓународната Конфедерација на синдикати -ITUC во последниот свој извештај, каде што Македонија е ставена на листата со држави од Африка, каде што правата на работниците секојдневно се кршат.

Севкупно, состојбите на работниците во Македонија се на многу ниско ниво, од аспект на социјален статус и економска сигурност, во однос на социјалниот дијалог и партнерство, во однос на почитување на законите и други правни акти, во однос на сигурноста на работните места, во однос на безбедноста при работа и т.н.

Доколку многу сериозно и многу брзо не се сфатат нашите укажувања, дотолку повеќе надлежните во државата ќе ја сфатат сериозноста и силата на нашиот Синдикат.

Не ја потценувајте одлучноста, силата и единството на членовите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија.

**Да живее 1-ви мај, меѓународниот ден на работниците, да живее СОНК, да живеат сите прогресивни сили во Македонија !!!**

---

# СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## ЈАКИМ НЕДЕЛКОВ ЕДИНСТВЕН КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОНК

Советот на СОНК на седницата одржана на 28-11-2015 год. ги сумираше резултатите по предлозите од синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК, за предлагање на можни кандидати за претседател на СОНК.

Врз основа на записниците од сите 20 регионални одбори на СОНК, Советот констатира дека сегашниот претседател на СОНК, Јаким Неделков е предложен во 15 регионални одбори ,како единствен кандидат. Во 4 регионални одбори предложени се по еден кандидат од секој од тие регионални одбори, а во еден регионален одбор, спротивно на Одлуката донесена од Советот на СОНК за Критериумите за предлагање и утврдување на кандидат(и) за  претседател на СОНК, меѓу кои и Јаким Неделков, а Советот , согласно споменатата Одлука, не ги прифати како легитимни.

Советот, всушност само го констатира резултатот од предлозите од синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК и согласно Одлуката и Статутот на СОНК, едногласно донесе Одлука, со која Јаким Неделков е утврден како единствен

кандидат за претседател на СОНК.

Да напоменеме дека 6-от Конгрес на СОНК ќе се одржи на 12-12-2015 год.

---

# Среќен Светски ден на учителите – Нека вашата креативност и посветеност продолжат да инспирираат

*„Ако треба да поставите некого на пиедестал,*

*поставете ги учителите.*

*Тие се хери на општеството.“*

*– Guy Kawasaki –*

---

# ГРАДИНКИТЕ БАРААТ ДА СЕ ПОЧИТУВА ЗАКОНОТ И КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ВО ДЕЛОТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ

СОНК ОДРЖА ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА ПРЕД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

На ден 7-12-2020 година, СОНК предводен од претседателот, г-дин Јаким Неделков, одржа прес-конференција, пред Министерството за труд и социјална политика.

На пресот учествуваше и дел од раководството на СОНК, кое спонтано се приклучи и даде придонес на активностите што ги презема СОНК.

Имено, во последниов месец, во дел од градинките во нашата држава, врз основа на издадено Решение од страна на инспектори при Министерството за труд и социјална политика, се бара неделното работното време на воспитувачите и негователите, да се зголеми на 40 часа, што е спротивно и на Законот за детска заштита и на потпишаниот Колективен договор за оваа дејност.

СОНК, по однос на овој проблем, оствари повеќе средби со претседателите на синдикални организации и со Министерот за труд и социјална политика, со цел, а по пат на социјален дијалог, да се надмине ова прашање. За жал и покрај сите агументи кои укажуваат дека ваквата состојба е неиздржана и против одредбите од Законот и Колективниот договор за оваа дејност, директорите на установите се приморани, согласно издадените решенија, писмено или усно да им наложат на вработените да работат со 8 часовно работно време.

Претседателот на СОНК, Неделков, на прес-конференцијата, ја осуди ваквата состојба во детските градинки и одговори на

потребата, која беше побарана од страна на Министерот за труд и социјала политика, г-ѓа Јагода Шахпаска, овие вработени во услови на пандемија од Ковид-19, да бидат опшествено одговори и подвлече дека:

-вработените во детските градинки, без разлика дали се наоѓаат во вонредни или редовни услови за работа, без исклучок, секогаш се однесувале и ќе се однесуваат со најголема општествена одговорност и најсовесно ја извршуваат својата работа со нешто најмило и свето, а тоа е најмладата популација односно децата.

-во овие вонредни услови, со најголема одговорност, тврдат дека почитувајќи ги протоколите, никогаш не се случило да не се прифати дете во периодот предвиден за тоа или да не се предаде детето на родител, кога тој ќе дојде да го земе. Напоменуваат дека, со добро менаџирање во установите нема мешање на групи на деца и вработени, така што воспитувачот и негувателот од сопствената група ги примаат односно предаваат децата.

-тврдат дека се општествени одговорни и заради тоа што не ретко остануваат и подолго на работа, се додека не дојде и последниот родител по своето дете и за тоа никогаш не гледале на час или на работно време.

-тврдат дека се општествено одговорни и покрај многуте тешки услови за работа во градинките, пред се, од просторни услови и големина на групите, коишто неретко се и двојно поголеми од нормативот и никогаш не  го намалиле квалитетот на грижата, воспитанието и образованието на децата.

-тврдат дека се општествено одговорни и заради неисполнување на одредбите од Правилникот за стандардите и нормативите за работата на детските градинки, во делот на потребен кадар за работа со целосни групи. Тоа значи дека работата што треба да ја работат тројца, тие со децении ја работат двајца.

-тврдат дека се општествено одговорни  и заради тоа што во

случај на отсутност на колешка во група, од разни причини, нејзината работа се префрла на еден вработен, без да се најде нејзина замена и работното време со деца трае повеќе од 10 часа.

-тврдат дека се општествено одговорни и покрај сите работни обврски што ги реализираат во установата, а заради немање услови, работат и онлајн настава од дома со деца коишто од разни причини не посетуваат настава.

-тврдат дека се општествено одговорни бидејќи обуките за професионален развој ги посетувааат надвор од работното време.

-и покрај огромната опасност од пренесување на вирусот од децата врз нив, без исклучок, ја работат најсовесно нивната работа, иако ниту еден директор нема потпишано изјава за проценка на ризик на работно место.

-и секако, да не се заборави дека вработените во детските градинки со децении имаат најниска плата во јавниот сектор, иако нивната работа е можеби најсензитивна и најодговорна.



На крајот од прес-конференцијата, претседателот Неделков се обрати до Министерот за труд и социјална политика велејќи дека сите погоре наведени аргументи доволно говорат за одговорни трудољубиви работници, коишто во ваков период наместо да бидат заштитени од евентуални заболувања и несакани последици, со вакви непромислени реакции на инспекторите, се доведува во прашање нивното здравје, ентузијазам и исполнителност. Неделков порача дека се надева Министерството ќе стори се за да се врати работното време за работа со деца, согласно Закон и Колективен договор. Исто така, смета дека по пат на социјален дијалог, конечно ќе се затвори ова прашање и во наредниот период ќе се дискутира и  изнајде заедничко решение, за прашања кои ќе го подигнат воспитно-образовниот и згрижувачки процес во градинките, како и подигнување на социјалниот статус на вработените во градинките. Во спротивно, СОНК ќе ги искористи сите расположиви средства за одбрана на правата од работен однос на вработените во оваа дејност, вклучувајќи ги и најрадикалните.

# ПРИВРШУВА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЕДУКАТИВНИТЕ СЕМИНАРИ НА СОНК

## СО СЕКОЈ НОВ ЕДУКАТИВЕН СЕМИНАР, СИЛНО СЕ ПОТВРДУВА ПОТРЕБАТА ЗА СИНДИКАЛНА ЕДУКАЦИЈА

При крајот на месец април, беа одржани едукативни семинари со регионалните одбори на СОНК од Чаир и Кисела Вода, а последниов викенд одржан е семинар со членовите на Регионалниот одбор на СОНК – Кичево.

Слично како и во претходните регионални одбори, семинарите се одржуваат според програма која се покажа за добро планирана, а тоа без исклучок го потврдија сите учесници на истите. Имено, во првиот дел од семинарите се предвидени излагања на претставниците од највисокото раководство на СОНК по три теми, во кои се внесени прашања од повеќе области, а кои се од посебен интерес за Синдикатот.

Имено, првата тема која оди под наслов **,, Синдикатот – нужна потреба или наметната обврска за работниците",** го опфаќа периодот од првите синдикални активности при крајот на XVIII век, со изнесување на нај важни настани од последните два века, со посебен осврт од активностите во Р. Македонија и посебно на нашиот Синдикат. Во склоп на оваа тема отворено се зборува и за позитивните страни, што значи и за успесите на

СОНК, но се зборува и за слабостите на нашиот Синдикат, почнувајќи од синдикалните организации, па се до највисоките органи.

Втората тема која е со наслов **,, Правна регулатива на Синдикатот”,** ја опфаќа правната регулатива, а која се однесува на правата и обврските на синдикатите ( Устав, Закон за работни односи и други закони), колективното договарање и нивоата на истото, со посебен осврт на колективните договори,што нашиот синдикат ги има потпишано и особено за правата утврдени по колоективните договори, кои се многу значајни за нашето членство, бидејќи се значајно повисоки од правата утврдени со соодветните закони, а некои од овие права од колективните договори се единствени, не само во регионот, туку и во европски рамки. Во рамките на оваа тема опфатен е и Статутот на СОНК.

Третата тема со наслов **,, Стратешки цели на СОНК во наредниот пет годишен период”** е посветена на програмските определби на СОНК , утврдени на последниот VI-ти Конгрес, одржан при крајот на 2015 година; социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери, утврдени со ЗРО на сите нивоа, како и со посебен осврт на усвоените четири Резолуции, усвоени на конгресот на СОНК. Како дел од оваа тема станува збор и за состојбите во нашиот Синдикат, од аспект на синдикални организации, регионални одбори, па се до Советот на СОНК, како највисок орган на нашиот Синдикат.



Во вториот дел од семинарите, учесниците имаа(т) можност да дадат свои мислења и за излагањата по веќе споменатите теми, да изнесат свои размислувања и за состојбите во синдикалните организации, од кои произлегуваат, како и за работата на регионалните одбори, во чиј состав делуваат. Според раководството на СОНК, од досега одржаните семинари во регионалните одбори, најчесто дискусиите се сведуваат на практично поставување на прашања за одредени реално постоечки проблеми, ама и по одредени проблеми кои реално не постојат, а задолжително се покренуваат како прашања од не информираност. Само како пример: неразбирливо е како може да биде дилема и да се постави прашањето – за кого важат колективните договори??? ; во дел од регионални одбори има и натаму претседатели на синдикални организации, кои излегуваат со тврдење дека, паричните казни од екстерното тестирање биле укинати само за минатата година; прашањето за решавање на проблемот за превоз на вработените во образованието и натаму се упатува до МОН, со барање до централното раководство на СОНК, истото да го разрешува…



Без секакви дилеми, едукативните семинари што се одржаа во регионалните одбори и кои се при самиот крај за да бидат одржани во сите 20 регионални одбори на СОНК, може со сигурност да се заклучи дека се од голема корист. Меѓутоа, целосен резултат од едукативните семинари, ќе има тогаш кога истите ќе се одржат и во секоја синдикална организација на СОНК, така како што е договорено со претседателите на синдикалните организации и претседателите на регионалните одбори на СОНК.

---

# ПИСМО ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС – КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

**Почитуван г-не Претседател,**

Ви се обраќаме во врска со договорот што го направивме на средбата кај Вас, во својство на Градоначалник на град Скопје. Ја користиме и оваа прилика, најсрдечно да Ви се заблагодариме за исклучителниот и пријателски разговор на споменатата

средба.

Обраќањево што го правиме кон Вас, во својство на Претседател на ЗЕЛС е во врска со неколку прашања со кои се соочени вработените, пред се во образованието, а ние во името на нашите над 30.000 членови во сите установи од образованието, науката и културата. Станува збор за прашања, а некои можат да се третираат и како проблеми и чие решавање е во надлежност на единиците на локалните самоуправи.

Имено, најгорлив проблем е во одредени општини, нерешеното прашање за организиран бесплатен превоз на вработените, пред се во основните училишта кои се во руралните средини, а вработените во истите и особено наставничкиот кадар се со место на живеење во поблиските градови. Потсетуваме, дека до 2009 година им се исплаќаа посебни реални трошоци за превоз од местото на живеење до училиштето и назад.  Но, со воведување на системот на бруто плата, такви надоместоци повеќе не постојат. Тоа реално создаде состојби тие вработени да мораат да издвојуваат значаен дел од својата плата, за да ги покријат трошоците за превоз до училиштата, што сме сигурни дека ќе прифатите дека не е прифатливо, бидејќи не е правично. Законот дава можност, работодавецот да може да организира бесплатен превоз за ваквиот дел од вработените. Токму тоа, во добар дел од општините го имаат направено и тоа со превозот за учениците, а некаде и со обезбедување на превоз на дел од вработените, на сметка на Општината. Останати се само неколку општини, кои овој проблем го немаат решено ( за некои од нив , Ве информиравме на споменатата работна средба кај Вас).

Нашите очекувања и молба до Вас,  се Вие како Претседател на ЗЕЛС, во рамките на надлежностите на оваа Заедница (секако во договор со градоначалниците на општините), овој проблем да биде решен и во последната општина, каде што истиот постои.

Второто прашање, за кое очекуваме ЗЕЛС да превземе соодветни активности е во врска со решавањето на технолошкиот вишок, кога ќе се појави во основните и средните училишта и тоа по

било кој основ. Ние сме запознаени дека во случај на технолошки вишок во училиштата, се прават напори за решавање на истите, но само во рамките на училиштата во конкретната општина. Но, има одредени случаи каде што во училиште кое се наоѓа на подрачје сосема блиску каде што почнува друга општина ( што би се рекло, веднаш преку улица), да примат нов вработен, наместо да се прими вработениот кој е прогласен за технолошки вишок во училиштето од другата општина. Според наше мислење, вработените во образованието вршат работа од заеднички интерес на државата и додатно од тие причини треба за споменатите случаи, околу прашањето за нивниот работен однос, да немаат посебно значење општинските граници.

Убедени сме, Вие како Претседател на ЗЕЛС со целиот Ваш авторитет, можете многу да допринесете во надминување на појавите каде одредени градоначалници, овој проблем го третираат чисто од интерес на својата општина.

Трето, сакаме да го изразиме задоволството, за воспоставениот социјален дијалог и социјално партнерство помеѓу надлежните претставници на регионалните одбори на СОНК и претставниците на Локаната самоуправа на општините кои ги опфаќаат регионални одбори, што е од голем взаемен интерес за разрешување на голем дел на прашања од надлежност на Локалната самоуправа и Синдикатот.

Наша желба и заеднички интерес е овие релации и понатаму да се одржуваат и подигаат на повисоко ниво.

Ве замолуваме околу овие прашања, на начин за кој Вие ќе одлучите, да ги информирате органите на ЗЕЛС и секако во одредени прилики и поединечно со одредени градоначалници, за прашања и проблеми од соодветната општина.

Примете ги нашите најискрени поздрави и најубави желби,